CIPE

МЛАДИНСКИ ОБРАЗОВЕН ФОРУМ YOUTH EDUCATIONAL FORUM

Институт за европска политика. Скопје

# Повик за кариерно советување на млади

Младински образовен форум [МОФ] во соработка со Институт за европска политика [ЕПИ] отвора повик за **кариерни советувања на млади** во склоп на проектот Градење на следната генерација на млади лидери (Building the next generation of youth leaders) кои ќе се спроведуваат во Скопје во периодот од 5ти до 23ти јуни 2017.

Кариерните советувања се бесплатни индивидуални состаноци со искусен кариерен советник во времетраење од вкупно два часа, а едно советување се состои од три дела. Првиот е интервју каде се разговара за едукација, хоби, структура на ден и пристап кон работа. Вториот дел е тестирање за професионална ориентација кој претставува инструмент за одредување на интересите на поединецот. Третиот дел е обработка и интерпретација на тестот и добивање на резултатите за високо изразени интереси на учесникот. **Секој од учесниците на кариерното советување ќе добие извештај од тестот и препорака за насоката во кариерата.**

За учество апликантите треба да ги исполнат следните услови:

- Да се невработени и да се во потрага по работа;
- Да се на возраст од 18 до 30 години;
- Да се во можност да го посетат кариерното советување во претходно договорен термин.

**Сите заинтересирани можат да се пријават преку испраќање на пополнета апликација на obuki@mof.org.mk. Бројот на учесници е ограничен, а право на учество ќе имаат првите 20 пријавени заинтересирани кои ги исполнуваат условите.**

Советувањата се бесплатни и ќе бидат спроведени на македонски јазик од страна на искусен психолог, кариерен советник.

Кариерните советувања ќе бидат овозможени со поддршка на **Центарот за меѓународно приватно претприемништво** (**CIPE**).

Контактирајте нè за повеќе информации:
obuki@mof.org.mk 02/3139 692
Лице за контакт: Бојана Низамовска